**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, www.mrt.com.mk

Врз основа на член 6 став (1) од Законот за вработени во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), член 132 став (1) алинеи 9 и 10 од Законот аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20 и 77/21), член 60 став (1) алинеи 9 и 10 од Статутот на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје бр.01-4454/2 од 16.08.2019 година и бр.01-4979/3 од 13.11.2020 година и член 4 став (7) од Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2, од 13.11.2020 година,по Конечната ранг листа на интервјуираните кандидати бр.04-6513/73 од 14.11.2022 година, Директорот на Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија ја донесе следната

ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА
Бр. 04-6513/89
17 11 2022 год.
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА

за не вршење на избор на кандидат по јавен оглас за вработување на неопределено на даватели на јавни услуги во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радио телевизија

1. НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР на кандидат за пополонување на работното место **ИНФ 03 02 Б04 024 Раководител на Одделение за аудио документација и фонотека во МРА – Македонско радио.**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со јавниот оглас број 18/2022 со арх.бр.04-6513/1 од 15.10.2022 година објавен на 15.10.2022 година на веб страната на ЈРП Македонската радио телевизија и во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха за вработување на неопределено на давател на јавни услуги во ЈРП Македонска радио телевизија на работно место Раководител на Одделение за аудио документација и фонотека во МРА – Македонско радио, иако е запазена целокупната постапка од формирање на Комисијата за селекција за вработување формирана од страна на директорот на МРТ со Одлука бр. 04-6513/37 од 25.10.2022 година, која потоа согласно Правилникот за вработување, унапредување и распоредување на даватели на услуги и помошно - технички лица во Јавното радиодифузно претпријатие Македонска радиотелевизија бр.01-4981/2 од 13.11.2020 година спроведе административна селекција и состави Записник за административна селекција бр. 04-6513/71 од 09.11.2022 година, по што во понатамошната постапка Комисијата одржа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите предвидени согласно законот и Правилникот за систематизација на работни места во ЈРП Македонска радио телевизија и состави Записник за спроведување на интервју бр. 04-6513/72 од 14.11.2022 година и состави Конечна ранг листа на интервјуираните кандидати бр.04-6513/73 од 14.11.2022 година, сепак не се врши избор на кадидат за пополнување на работното место **ИНФ 03 02 Б04 024 Раководител на Одделение за аудио документација и фонотека во МРА – Македонско радио.** Причината поради која не се врши избор за наведеното работно место е во тоа што по спроведената постапка е констатирано дека постои проблем

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул. „ Бул. Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје, Македонија
Тел: + 389 02 5119-813, , е-пошта: coveckiresursi@mrt.com.mk, www.mrt.com.mk

во делот на шифрата за наведеното место ИНФ 03 02 Б04 024, преку која се утврдуваат и критериумите кои треба да се исполнат за наведеното работно место, односно самата шифра, првиот дел, т.е.првите четири броја од шифрата упатува на тоа дека станува збор за давател на услуга од областа на образованието, додека останатиот дел од шифрата со самиот назив упатува дека станува збор за раководно ниво кое е предвидено за работните места со статус на административни службеници. Поради спречување на настанување на штетни последици по работењето на ЈРП МРТ, преземени се мерки за корекција на шифрата и усогласување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈРП МРТ со каталогот на работните места во јавен сектор, поради што Директорот на ЈРП МРТ донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Програмскиот совет на ЈРП Македонска радио телевизија во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на МРТ.

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски

Доставено до:

-Одделението за човечки ресурси
-Оделение за ВЕБ, мултимедија и социјални медиуми
-Архива